ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0101-190/3
04-04 202 5 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 19, 26 и 27, 27а, 27б и 27в од Законот за ревизија (Сл. весник на Р.Македонија бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18) и (
„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), член 7, член 25 и член 33 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, врз основа на Одлука за измена и дополнување на Правилникот бр. 0202-295/03 од 08.10.2018 год. на која Советот има дадено согласност со одлука од 07.11.2018 година, Одлука за измена и дополнување на Правилникот бр. 0202-274/6 од 29.05.2023 година, на која Советот има дадено согласност со одлука од 20.06.2023 година, Одлука за измена и дополнување на Правилникот бр. 0202-56/5 од 28.01.2025 година, на која Советот има дадено согласност со одлука од 26.03.2025 година, Управниот одбор на ИОРРСМ, на ден 04.04.2025 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор
## (пречистен текст)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат условите и постапката на полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор.

Комисијата за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор (во натамошниот текст: Комисијата) го организира и спроведува испитот за стекнување звање ревизор (во натамошниот текст: испитот).

**Член 2**

Комисијата е составена од 5 члена од кои претседател на Комисијата е претставник од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Советот) и четири члена кои се овластени ревизори, членови на ИОРРСМ.

**Член 3**

Претседателот на Комисијата раководи со работата на Комисијата и се грижи за правилна работа на Комисијата. Кворум за работа на Комисијата претставува присуство на најмалку три члена на Комисијата. Одлуките на Комисијата се полноважни доколку за нив гласале најмалку три члена.

**Член 4**

Полагањето на испитот за стекнување на звање ревизор се спроведува според Програма за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор која што ја донесува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Институтот), а за истата дава согласност Советот.

**Член 4-а**

Висината на сите надоместоци во постапката за полагање на испитот за стекнување звање ревизор во Институтот се уредени согласно Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.

## II. ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ

**Член 5**

Заинтересираните кандидати за полагање на испитот за стекнување звање ревизор, барањата за полагање со пропратните документи може да ги доставуваат во Институтот во текот на целата година.

Комисијата со објава на веб страницата на Институтот, ги известува кандидатите кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот за временскиот термин за пријавување за полагање на испити. Известувањето треба да биде објавено најдоцна 40 дена пред датумот на отпочнување на полагање на испитот.

Институтот организира најмалку две редовни испитни сесии.

**Член 5-а**

По исклучок, Институтот може да организира вонредни испитни сесии за полагање на испитот, за што кандидатите се известуваат преку објава на веб страницата на Институтот и преку е-пошта. Во известувањето ќе биде наведен временскиот термин за доставување пријава за полагање на испити и доказ за извршена уплата.

### II.1 Пријавување на кандидати кои за прв пат го полагаат испитот

**Член 6**

Лицето кое сака да стане ревизор поднесува писмено барање до Институтот, за полагање на испит за стекнување на звање ревизор.

Барањето за полагање на испит за стекнување на звање ревизор мора да содржи докази дека лицето ги исполнува условите за полагање на испитот утврдени со член 6-а од овој Правилник.

Формата и содржината на образецот на барањето од став (1) на овој член го пропишува Советот.

**Член 6-а**

За полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор лицето треба да ги исполнува следниве услови:

1) да има завршено четиригодишно високо образование VII/1 или студирал според Болоњската декларација и има 240 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) од областа на економските, правните науки или друго соодветно образование;

2) да го познава македонскиот јазик;

3) да не е осудуван со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата во врска со работењето и тоа за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик;

4) да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Член 7**

Комисијата ги разгледува доставените барања за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор, со пропратните документи, и утврдува дали пријавениот кандидат ги исполнува условите за полагање на испитот.

Кандидатот има право да го полага испитот откако ќе биде известен од генералниот секретар на Институтот или друго лице овластено од Претседателот на ИОРРСМ.

Сите известувања и други акти во постапката за полагање на испитот за стекнување звање ревизор се вршат по пошта или по електронски пат преку е-пошта на адресите на кандидатот доставени во барањето за полагање на испитот, со што се смета за уредно доставено.

**Член 8**

Во случај на непотполни документи согласно член 6 и член 6-а од овој Правилник, кандидатот се известува дека треба да ги достави документите кои се непотполни во рок од 7 дена. Доколку кандидатот не ги испрати документите кои недостасувале во определениот рок, кандидатот се смета за одбиен.

## II.2 Пријавување и одложување на полагање испити

Редовно пријавување

**Член 9**

Кандидатот кој ги исполнува условите за полагање на испитот, согласно член 6 и член 6-а од овој Правилник, треба да ги пријави испитите и да изврши уплата во предвидениот рок наведен во објавата на Институтот.

Задоцнето пријавување

**Член 9-а**

Кандидатот кој ќе пријави испити по истекот на предвидениот рок во објавата, но не подоцна од 10 дена пред датумот определен за полагање на испитот што го пријавува, плаќа повисок износ на надоместок за испитот од надиместокот за редовно пријавување на испит.

Одложување на полагање на испити

**Член 9-б**

Кандидатот кој испитот го пријавил во предвидениот рок согласно член 9 од овој Правилник, до Комисијата може да достави писмено барање за одложување на испит, не подоцна од 10 дена пред денот определен за полагање на испитот. Во тој случај кандидатот уплатените средства може да ги искористи за полагање на испит во следните две последователни испитни сесии. Во спротивно средствата ги задржува Институтот и истите не се враќаат.

Доколку кандидатот не се јави на испитот за кој што бил пријавен, а навреме не ја известил Комисијата дека се откажува од полагањето на испитот, нема право на пренесување на уплатените средства.

Доколку надоместокот за следното полагање на испитот се зголеми, тогаш кандидатот ја плаќа разликата помеѓу стариот и новиот надоместок за полагање на испитот.

Кандидатот кој испитот го пријавил согласно член 9-а од овој Правилник, нема право на одложување на испит. Доколку кандидатот не се јави на испитот за кој што бил пријавен, нема право на пренесување на уплатените средства.

**Член 10**

Со цел да се стекне со звањето ревизор, кандидатот треба да ги положи сите предмети од 1-вото ниво пред да ги полага предметите во 2-рото ниво наведени во Програмата за полагање на испитот за стекнување на звање ревизор.

Кандидатот самостојно одлучува по кој редослед ќе ги полага деловите на испитот во рамките на едно ниво.

## II.3 Начин и постапка за спроведување на испитот

**Член 11**

Комисијата назначува координатор, одговорно лице и набљудувачи за спроведување на испитот.

**Член 12**

Пред почетокот на испитот се утврдува идентитетот на кандидатите кои го полагаат испитот. По утврдувањето на идентитетот, кандидатите потпишуваат изјава за доверливост.

**Член 13**

Одговорното лице пред почетокот на испитот ги информира кандидатите за пропишаните упатства за текот на испитот.

**Член 14**

Секој дел на испитот е во времетраење од 3 часа. На кандидатите ќе им бидат дадени 15 минути за читање. Во текот на времето за читање, не се дозволува земање на белешки, пресметување или зборување. Секој дел на испитот се вреднува со 100 бодови. Делот од испитот се смета за положен ако кандидатот освои најмалку 51 бод (односно 51% од вкупните бодови).

## II.4 Утврдување на резултати

**Член 15**

Комисијата врши детален увид во резултатите на кандидатот, односно утврдува дали кандидатот го положил или не го положил испитот.

Генералниот секретар го известува кандидатот за резултатите во форма ‘Положил‘ или ‘Не положил‘ на начин определен во член 7 став 3 од овој Правилник.

**Член 16**

Кандидатот може од Комисијата да побара Извештај за оценувањето и увид во сопствената испитна тетратка, во рок од 5 (пет) работни дена од добивање на известувањето со резултатите од полагањето на начин определен во член 7 став 3 од овој Правилник. Извештајот за оценувањето го одобрува Комисијата.

Кандидатите имаат право на приговор во рок од 5 (пет) работни дена по добивање на Извештајот за оценувањето доставен на начин определен во член 7 став 3 од овој Правилник. Комисијата одлучува по доставениот приговор и за својата одлука го известува Управниот одбор на ИОРРСМ и кандидатот кој го поднел барањето.

**Член 17**

Резултатите од испитот за постигнатиот успех на секој кандидат поединечно се евидентираат во Записник во кој се содржани следните податоци:

1. Име, презиме и шифра на кандидатот;
2. Податоци за Комисијата;
3. Датум и час на почетокот и завршувањето на испитот;
4. Резултатот на кандидатите (“Положил”, “Не положил”)

Записникот се усвојува на состанок на Комисијата.

**Член 18**

Согласно резултатите од спроведениот испит, Комисијата го утврдува конечниот број на кандидати кои ги положиле сите делови содржани во Програмата за полагање на испитот за стекнување на звање ревизор и го доставува списокот на кандидати кои ги положиле сите предмети од испитот до Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори.

На крајот на севкупната постапка, Комисијата изготвува Извештај за спроведување на испитот за секоја испитна сесија посебно и го доставува до Управниот одбор.

## III. РОК ЗА ПОЛАГАЊЕ И ЗАВРШУВАЊЕ НА ИСПИТОТ

Член 18-а

Кандидати на кои им било одобрено барањето за полагање на испитот за стекнување звање ревизор од страна на ИОРРСМ, и не полагале испит во рок од најмалку 5 (пет) години од датумот на одобрување на барањето за полагање на испит, ќе бидат избришани од евиденцијата на кандидати.

Кандидатите кои го започнале полагањето на испитот за стекнување звање ревизор, полагањето на испитот треба да го завршат во рок од 10 (десет) години од датумот на кој што им било одобрено барањето за полагање на испитот за стекнување звање ревизор од страна на ИОРРСМ. Во спротивно, ќе бидат избришани од евиденцијата на кандидати.

Лицата од став 1 и 2 на овој член можат одново да ја започнат постапката за полагање на испитот за стекнување звање ревизор од страна на ИОРРСМ.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Започнатите постапки за полагање на испитот за стекнување на звање ревизор по 01.01.2019 година, треба да завршат во рок од 10 (десет) години од датумот на кој што на кандидатот му било одобрено барањето за полагање на испитот за стекнување звање ревизор од страна на ИОРРСМ.

Започнатите постапки за полагање на испитот за стекнување на звање ревизор пред 01.01.2019 година, треба да го завршат во рок од 5 (пет) години од датумот на примена на овој Правилник.

Кандидатите кои што имаат неискористени уплатени средства за полагање на испитот пред датумот на примена на овој Правилник, истите можат да ги искористат за полагање на испит во следните две последователни испитни сесии од датумот на примена на овој Правилник. Во спротивно средствата ги задржува Институтот и истите не се враќаат на кандидатот.

**Член 20**

Овој Правилник влегува во сила на денот на усвојувањето од страна на Управниот одбор на Институтот, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

Претседател на ИОРРСМ
Ненад Тортевски

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ИОРРСМ СКОПЈЕ